РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-017/2017
ул. Архимедова бр. 2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (0)2 322 66 55, факс: +389 (0)2 321 51 12, http://www.gazibaba.gov.mk opstina@gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (3) од Законот за урбанистичко планирање (''Сл.весник на РСМ'' бр.32/2020), Градоначалникот на Општина Гази Баба, го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

Се известуваат граѓаните, правните лица од просторот опфатен со **Предлог Детален урбанистички план за градска четврт СИ 06 Блок 05, Општина Гази Баба – Скопје**, државната управа, научните и стручните организации, дека Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе Одлука за организирање на:

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА**

По **Нацрт – Детален урбанистички план за градска четврт СИ 06 Блок 05, Општина Гази Баба – Скопје,** кој опфаќа простор од 6,96 ха., со следните граници :
Границите на планскиот опфат се:
• Северозапад - осовина на сервисна улица „Дончо Штипјанчето“
• Североисток - осовина на сервисна улица „Никола Киров Мајски“
• Југоисток – осовина на сервисна улица „Пехчевска“
• Југозапад – осовина на собирна улица „Благоја Стевковски“

Во рамките на Нацрт - Детален урбанистички план Детален урбанистички план за градска четврт СИ 06 Блок 5 се предвидени следните класи на намена:

- **А-домување**
- **Д-зеленило**
- **Е-инфраструктура**

**Нацрт Детален урбанистички план за градска четврт СИ 06 Блок 05, Општина Гази Баба – Скопје,** ќе биде изложен во просториите на Урбаната заедница ″Хиподром″, во рок од 30 дена и тоа почнувајќи од **04.08.2021год. до 02.09.2021год.** секој работен ден од 8,00 часот до 16.00 часот.

**Јавната презентација на Предлог - Детален урбанистички план за градска четврт СИ 06 Блок 05, Општина Гази Баба – Скопје**, ќе се одржи на ден **19.08.2021 год**. со почеток во 12.00 часот во просториите на Општина Гази Баба, барака 8 (голема сала).

Анкетните листови за учество во Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на Урбаната заедница "Хиподром".

Во определениот рок заинтересираните правни лица, физички лица, државната управа, научните и стручните организации можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на Анкетните листови .

Бр.28-3/760/12
од 19.07.2021година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
Борис Георгиевски